# РОСИЦА

Бесплатен примерок
Број 5/2026

# ПРИЛОГ ЗА РОДИТЕЛИ

СОРАБОТКАТА СО РОДИТЕЛИТЕ Е ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ ЗА НАПРЕДОКОТ НА ЛОГОПЕДСКИОТ ТРЕТМАН

## ТИМСКИОТ ПРИСТАП – КЛУЧ ЗА РЕШАВАЊЕ НА СЕКОЈ ПРОБЛЕМ

СЕНЗОРНА ИНТЕГРАЦИЈА – СЕНЗОРНА ДЕЗИНТЕГРАЦИЈА

## ШТО Е ТОА СЕНЗОРНА ДЕЗИНТЕГРАЦИЈА?



СОРАБОТКАТА СО РОДИТЕЛИТЕ Е ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ ЗА НАПРЕДОКОТ НА ЛОГОПЕДСКИОТ ТРЕТМАН

# ТИМСКИОТ ПРИСТАП - КЛУЧ ЗА РЕШАВАЊЕ НА СЕКОЈ ПРОБЛЕМ

ЛОГОПЕДОТ, КАКО СТРУЧНО ЛИЦЕ, СЕ ЗАНИМАВА СО ПРОБЛЕМАТИКАТА НА ГОВОРОТ И ЈАЗИКОТ. ВО ГРАДИНКАТА, ВОСПИТНО–ОБРАЗОВНИОТ КАДАР ИМА ЦЕЛ ДА СОЗДАВА И НЕГУВА ЧУВСТВО НА СИГУРНОСТ, ПРИПАДНОСТ, ПРИФАТЕНОСТ И ЕМОЦИОНАЛНА ТОПЛИНА. ПОД ИСТАТА ТАА ЗАКРИЛА СЕ ИСТАКНУВААТ И ЛОГОПЕДСКАТА ТЕРАПИЈА И ДЕЈСТВУВАЊЕТО НА ЛОГОПЕДОТ ВО ГРАДИНКАТА.

## СОРАБОТКАТА СО РОДИТЕЛИТЕ Е ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ

Детето со стручното лице - логопед - поминува неколку часови неделно, додека преостанатото време е со родителите. Токму поради тоа, важно е тие да бидат вклучени во третманот и да ги следат упатствата од логопедот. Доколку родителите сериозно се посветат, тогаш се скратува траењето на третманот. Затоа родителите треба да бидат директно вклучени во логопедската терапија со:

- стручно запознавање со видот тешкотија;
- примена на практични совети во врска со проблемот на нивното дете;
- информирање преку стручна литература;
- следење на напредокот;
- креирање начини за поттикнување на говорот во домашни услови;
- следење препораки за работа со детето во домашни услови;
- дисциплинирано следење на инструкциите на логопедот;
- упатување во специјализирани установи, доколку тоа е потребно;
- подигнување на свеста кај родителите за проблемот на нивните деца;
- дополнителна посветеност за работа во домашни услови.

За да се подобри говорот кај детето, соработка од посебно значење е интеракцијата на логопедот со колегите од стручниот тим, што придонесува за целокупен развој на детето. Со тимски пристап на професионалци од различни струки се унапредува соработката како со детето, така и со родителите.

## НА КОЈ НАЧИН УЧЕСТВУВА СТРУЧНИОТ ТИМ ВО РАЗВОЈОТ НА ДЕТЕТО ЗА НАПРЕДОКОТ НА ЛОГОПЕДСКИОТ ТРЕТМАН.

**Педагогот** е член на стручниот тим, кој се грижи за развојот на воспитанието и образованието на децата. Воспитно згрижувачката работа во детската градинка е подрачје што целосно ги опфаќа сите сегменти од животот и работата на возрасните со децата.

**Лекарот** е првото лице што ги дава основните информации за општата состојба на детето, ги информира родителите и стручниот тим доколку има потреба да набљудува, опсервира и слично.

**Психологот** соработува со логопедот, разговара со родителите за детскиот развој, неговите навики, однесување, здравствена состојба и слично. Родителите може да прашаат сѐ што сметаат дека е важно и да се информираат за одредени специфичности или потреби на детето.

**Музичкиот педагог** има цел да ги развива слухот и ритамот кај децата. Преку пеењето и свирењето се развива сетилото за слух, се учи ритамот, се слушаат и усвојуваат различни гласови, се препознава брзината на темпото, (тивко - гласно, високо - ниско), се развиваат меморијата, самодовербата, културното ниво на секое дете.

Исто така, познато е дека физичката активност е важна за здравјето на детето и за неговиот понатамошен развој. Низ игра и дружење, децата стануваат активни, ја зголемуваат кондицијата и ги усовршуваат моторните способности. Се развива ориентација во просторот и се развиваат социјалните и логичките вештини. Кај децата се зголемува нивото на самодоверба и сигурност во носењето сопствени одлуки, се подобруваат координацијата на телото и балансот.

Клучната улога, секако, ја има воспитувачот, кој ги обединува сите овие заложби и најнепосредно ги следи растот и развојот на секое дете во групата, во координација со родителот.



**Токму затоа, секој родител треба да ја прифати подадената рака на градинката во правец на градење и развивање квалитетна соработка на родителите со воспитно згрижувачкиот кадар и стручните работници и соработници во градинката. Тимската работа има цел правилен раст и развој и прераснување на детето во комплетна и среќна индивидуа.**

Сања Нечовска, логопед



СЕНЗОРНА ИНТЕГРАЦИЈА – СЕНЗОРНА ДЕЗИНТЕГРАЦИЈА

## ШТО Е ТОА СЕНЗОРНА ДЕЗИНТЕГРАЦИЈА?



**СЛЕДЕТЕ ГО И ПОТТИКНЕТЕ ГО РАЗВОЈОТ НА ВАШЕТО ДЕТЕ НА ЗАБАВЕН НАЧИН**

**Сензорната интеграција е невролошки процес во кој се организираат сетилните дразби од надворешната околина и сопственото тело и ни овозможува нивно ефикасно користење во нашата интеракција со надворешната средина.**

Сензорната интеграција ни овозможува да изградиме и развиеме однесување соодветно на примените дразби.



**Првиот контакт што го остварува детето** со надворешниот свет се темели на неговите сетила и дразбите кои неговиот сензорен систем ги прима. Уште додека е во мајчината утроба, детето почнува да чувствува одредени дразби. Тоа може да ја почувствува мускулната напрегнатост на мајката и реагира на неа. Токму поради тоа, веднаш по раѓањето на новороденчето смирувачки дејствуваат оние дразби што го потсетуваат на неговите првични искуства во утробата на мајката, како што биле движењето на плодовата вода, шумот на водата, ритмичкото отчукување на срцето. Смирувачки на новороденчето дејствува и мирисот на неговата мајка бидејќи тоа е првото чувство по кое тоа ја распознава од другите луѓе од неговата околина.

Како што е познато, нашиот сетилен апарат го сочинуваат: **сетилото за вид, сетилото за слух, сетилото за допир, сетилото за мирис и сетилото за вкус. А сензорното искуство** се надополнува со функционирањето на **проприорецепторите** (сместени во мускулите и зглобовите) и функционирањето на **вестибуларниот апарат** (овозможува одржување на рамнотежата).

ВО ТЕКОТ НА ЦЕЛИОТ ЖИВОТ ТЕЛОТО Е ИЗЛОЖЕНО НА РАЗЛИЧНИ ТАКТИЛНИ, ВИЗУЕЛНИ, АУДИТИВНИ, ВЕСТИБУЛАРНИ, ПРОПРИОРЕЦЕПТИВНИ СТИМУЛАЦИИ ОД ОКОЛИНАТА. СЕНЗОРНИТЕ ОРГАНИ ОВОЗМОЖУВААТ ПРИФАЌАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ И НИВНО СПРОВЕДУВАЊЕ ПРЕКУ СЕТИЛНИТЕ ПАТИШТА ДО ЦЕНТРАЛНИОТ НЕРВЕН СИСТЕМ КАДЕ ШТО ТИЕ СЕ ПЕРЦИПИРААТ И ПРЕПОЗНАВААТ. СЛЕДНАТА АЛКА ВО ОВОЈ СИНЏИР Е СЕНЗОРНАТА ИНТЕГРАЦИЈА.

# СЕНЗОРНА ИНТЕГРАЦИЈА

Кај поголем број луѓе, сензорната интеграција се случува несвесно и без вложување некаков труд. Понекогаш се случува да дојде до проблем во ефикасното интегрирање на сетилните информации. Тоа резултира со појава на проблеми во функционирањето на детето во неговата непосредна околина, како и во успехот на извршувањето на задачите соодветни за неговата возраст.

**Сензорната дезинтеграција претставува неправилност во функционирањето на централниот нервен систем, кој ја отежнува интеграцијата на сензорниот внес на дразби.**

## КАКО ДА СЕ ПРЕПОЗНАЕ СЕНЗОРНАТА ДЕЗИНТЕГРАЦИЈА?

**Кај децата се појавува како:**

- зголемена преосетливост на светло, одредени звуци, одредени движења;
- намалена осетливост - постои висока толеранција на болка или претпочита зачинета храна;
- значително зголемено или намалено ниво на активност - непрекинато се движи или брзо се заморува и има поголема потреба од сон;
- проблеми со координацијата - подоцна проодува, проблеми со одржувањето на рамнотежата, тешкотии со цртањето, користењето ножици и слично;
- задоцнет развој на говорот;
- проблеми со вниманието и самоконтролата, пренагласена раздразливост.

## КАКО ДА СЕ ПОСТАПИ?

Третманот вклучува сензорна стимулација, која овозможува контролиран сензорен внес што ќе овозможи создавање адаптирани реакции од страна на детето, кои ќе му овозможат интегрирање на тие чувства во целосно доживување.

Препораки за сензомоторни активности:

**1. Активности за стимулирање на сетилото за допир:**

- Игра „Скриено богатство“ - неколку длабоки садови наполнете ги со ориз, грав, леќа, во кои се скриени ситни играчки што треба да ги пронајде детето и да ги именува.
- Цртање на огледало со пена за бричење.
- Игри во песок и земја - садење билки и слично.
- Подготовка и манипулирање со тесто.

**2. Активности за стимулирање на сетилото за вид:**

- Игри со играчки со впечатливи бои.
- Игри со имитирање пред огледало.
- Класифицирање на предмети по боја.
- Користење сликовници и препознавање на елементите и поимите во нив.

### 3. Активности за стимулирање на сетилото за слух:

- Слушање музика и звуци од различни инструменти.
- Обид за свирење на различни инструменти.
- Следење ритам зададен со удирање со дланките една од друга.
- Пеење различни мелодии.

### Активности за стимулирање на вестибуларниот апарат:

- Лулање на лулка.
- Вежби за раздвижување.
- Провлекување низ тунел.
- Движење по греда.
- Качување и слегување по скали.
- Возење велосипед, тротинет.



### 4. Активности за стимулирање на проприорецепторите:

- Скокање.
- Игри со имитирање движења на различни животни.
- Туркање, влечење, пренесување тешки предмети.
- Прескокнување преку јаже.
- Манипулирање со еластични конструктивни материјали (пластелин, тесто, гума).

### 5. Активности за стимулирање на сетилата за мирис и вкус:

- Препознавање овошје, зеленчук и друг вид храна врз основа на нивниот мирис и вкус, со исклучување на сетилото за вид.

Богатото сензорно искуство што ќе му го овозможиме на нашето дете од најмала возраст е цврста основа за правилно изградување на целокупниот невролошки систем на детето. Тоа ќе овозможи успешност во учењето и функционирањето на детето во неговата средина.

детска радост

Прилог за родители 2026
Бесплатен примерок бр. 5
ПРОСВЕТНО ДЕЛО АД - Скопје
За издавачот
Генерален директор:
м-р ПАВЛЕ ПЕТРОВ
Издава: Редакција „Детска радост"

Прилозите во овој број „Прилог за родители" се од архивата на РОСИЦА списание за најмали.
Одговорен уредник:
КСЕНИЈА ТРАЈЧЕВА
Ликовно-графички уредник:
НАТАЛИ НИКОЛОВСКА
Лектор:
БИЛЈАНА РАДЕВСКА

Росица - списание за најмали

Росица - списание за најмали



Магдалена Стојанова, дефектолог